**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ

**јануари – декември 2012**

Скопје, 2013 година

**СОДРЖИНА**


**ПРОГРАМСКИ КОМПОНЕНТИ** ........................................ **4**

**I. КОМПОНЕНТА I:**
МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТИ ........................................ **4**

**II. КОМПОНЕНТА II:**
ДИРЕКТНИ УСЛУГИ ЗА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ЖЕНИ
........................................ **13**

**III. КОМПОНЕНТА III:**
ПАРАПРАВНА ПОМОШ И ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИ........................................ **17**

**IV. КОМПОНЕНТА IV:**
ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА
........................................ **26**

**V. КОМПОНЕНТА V:**
ПОДГОТОВКА НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРЕСОТ ПО ОДНОС НА ЗАКЛУЧНИТЕ КОМЕНТАРИ НА КОМИТЕТОТ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ НА СИТЕ ФОРМИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ЖЕНИТЕ ........................................ **31**

**VI КОМПОНЕНТА VI:**
АКТИВНОСТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО НАСОКА НА РАЗВИВАЊЕ НА ФИЛАНТРОПИЈА
........................................ **36**

## ПРОГРАМСКИ КОМПОНЕНТИ

## I. КОМПОНЕНТА: МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТИ

ЕСЕ како граѓанска организација е посветена на дефинираната мисија за спроведување на женските човекови права и човековите права воопшто. ЕСЕ во својата работа континуирано иницира нови концепти и модели за унапредување на работата на овие полиња. Конкретно од 2010 година ЕСЕ започна да ги интегрира активностите за следење на буџетите и врз основа на тоа да застапува и влијае во областите каде што ЕСЕ делува како експертска организација. Односно, започна да воспоставува врска меѓу анализата на буџетот и активностите на застапување за спроведување на правото на здравје (здравје на жените и здравје на Ромите); родовата еднаквост (генерално и на правото на живот без насилство, односно семејно насилство) и останати прашања од интерес на национално и локално ниво (општините).
Во согласност со овие заложби ЕСЕ и во 2012 година продолжи да работи во континуитет на следните полиња: активности за мониторинг на спроведување на активностите и анализа на буџетот на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата, односно активностите кои се насочени кон зголемен опфат со вакцинација на децата Роми, со вклучување на мониторингот во заедницата, како и на активностите за мониторинг и анализа на буџетите со цел унапредување на репродуктивното здравје и унапредување на системот за заштита на жртвите од семејно насилство во две општини – Кочани и Тетово. Во 2012 година ЕСЕ започна да ја проширува својата работа на полето на мониторинг и анализа на здравствените буџети преку започнување на мониторинг на имплементацијата на активностите и буџетско следење на Програмата за рана детекција на малигни заболувања со посебен осврт на две компоненти од оваа Програма кои директно се однесуваат на унапредување на здравјето на жените (компонентите за превенција на рак на грло на матка и превенција на карцином на дојка). Оваа година како дел од својата програма за работење ЕСЕ спроведе и пилот истражување помеѓу населението во две општини од Македонија (Кочани и Тетово) во насока на утврдување на вклученоста на локалното население во локалните процеси (процес на донесување на одлуки од локална важност и локален буџетски процес). Во 2012 година ЕСЕ продолжи да ги гради капацитетите на својот персонал во однос на мониторинг и анализа на здравствените буџети во РМ.

### АКТИВНОСТИ ЗА МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТИ И МОНИТОРИНГ ВО ЗАЕДНИЦАТА, СЛЕДЕНИ СО ЗАСТАПУВАЊЕ БАЗИРАНО НА ИСТИТЕ, А ВО ОДНОС НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОПФАТОТ НА ДЕЦАТА РОМИ СО ВАКЦИНАЦИЈА КОИ СЕ ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ЗА 2011 ГОДИНА

### Мониторинг на програмата на национално ниво

Како продолжение на активностите од 2011 година, во периодот на првите пет месеци од 2012 година активностите беа претежно насочени кон прибирање на податоци кои се однесуваат на имплементацијата на мерките од Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца за 2011 година и продолжување на претходно воспоставените контакти со одговорните лица од целните

институции. Соодветно на тоа беа подготвени вкупно 20 барања за пристап до информации од јавен карактер, во кои се опфатени 40 прашања во однос на имплементацијата на активностите и буџетската реализација на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2011 година, кои беа доставени до Министерството за здравство. Преку, прибирањето на податоците имавме за цел да го утврдиме степенот на спроведување на предвидените активности и реализација на средствата, наменети за ромското население, во кои спаѓаат следните: дополнителни патронажи посети во ромски семејства; подготовка, превод на ромски јазик, печатење и дистрибуција на здравствено едукативните брошури за детско здравје помеѓу ромското население; подготовката и печатењето на прирачниците со упатства за работа на патронажите служби и здравствените работници; и едукативните работилници на тема детско здравје и вакцинација, предвидени за ромските средини.

По добивањето на бараните податоци од Министерството за здравство, пристапивме кон нивна систематизација и анализа, и врз основа на добиените наоди подготвивме извештај од спроведениот мониторинг на Програмата, во однос на имплементација на активности и реализација на буџетот на програмата.

Од спроведената анализа се воочија низа пропусти во начинот на програмско и финансиско планирање на активностите во Програмата, како и пропусти во имплементацијата на активностите и буџетската реализација на Програмата. Главните утврдени пропусти се следните: неконзистентност помеѓу наративниот и финансискиот дел на Програмата; целосно кратење на одредени активности; Измени во начинот на презентирање на финансиски средства за реализација на конкретни активности; менување на износите на средства потребни за реализација на активностите без постоење на логичен след кај секоја активност во Програмата; несоодветна имплементација на активности наспрема планираниот обем на активности; нецелосно реализирање на буџетот; неводење на евиденција од страна на надлежните органи за спроведените активности и реализираниот обем на истите, што резултира со прикажување на нелогични и различни податоци за иста активност во различен, па дури и за ист временски период.

Спроведениот мониторинг на имплементацијата на активностите и буџетот на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата и анализата на добиените наоди (заедно со наодите од мониторингот во заедницата) послужи како основа за подготовка на стратегијата за застапување. Повеќе детали за стратегијата се наведени во делот на активности за спроведување на мониторинг на заедницата.

Во текот на 2012 година беа реализирани две средби со претставници од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување и низа на поединечни средби со вработени лица од овие институции со цел нивно информирање за наодите до кои дојде ЕСЕ при обработката на официјалните податоци за реализација на Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца за 2011 година. На овие средби ги информиравме за предизвиците со кои се соочивме при мониторингот, при што особено беше нагласен недостатокот од јавно достапни документи и информации кои се однесуваат на финансиското работење на институциите и извештаи за реализирани буџетски средства и несоодветен квалитет на одговорите кои се добиваат врз основа на поднесени барања за пристап до информации од јавен карактер.

**Активности за спроведување на мониторинг во заедницата**

Како продолжение на работата започната во 2011 година, во текот на 2012 година од страна на ЕСЕ и четирите партнерски ромски граѓански организации, спроведовме активности за мониторинг во заедницата во однос на имплементацијата на активностите од Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата и на превентивните услуги во Здравствените домови. Овие активности беа спроведувани во општините во кои што работат партнерските ромски граѓански организации и тоа: ЦДРИМ во општина Шуто Оризари, КХАМ во општините Делчево, Пехчево и Виница, ЛИЛ во општините Ѓорче Петров, Сарај и Карпош, Рома СОС во општина Прилеп.
Во текот на 2012 година во процесот на мониторинг на заедницата ЕСЕ има улога на техничка поддршка и координирање на активностите кои четирите партнерски организации ги спроведуваа локално ниво, како и координирање на активностите за застапување на национално ниво. Техничката помош и координативните активности се однесуваат на: координација на активности за градење на капацитети на партнерските организации, организирање на координативни средби на сите вклучени партнери во процесот на мониторинг на заедницата во однос на размена на информации и искуства од спроведување на процесот и заедничко конструирање и планирање на идните активности, обезбедување на комуникација помеѓу граѓанските организации и надворешните соработници, воспоставување на систем на постојана размена на информации помеѓу партнерите, техничка помош при подготовка на различни материјалите за потребите на работата на партнерските организации, техничка поддршка при креирање на планови и методологии за работа, вклучувајќи и стратегии за застапување. Специфичната техничка помош за одредени активности е опишана во секоја активност поодделно.
Во текот на 2012 година ЕСЕ како организација која има улога на координатор и техничка поддршка, во соработка со четирите партнерски ромски граѓански организации во процесот на мониторинг во заедницата ги реализираше следните активности:

***Спроведување на истражување во заедницата***

Во текот на 2011 година ЕСЕ во соработка со четирите партнерски ромски граѓански организации започна со подготовка на методологијата за спроведување на истражувањето во заедницата и со развој на алатките за истражување. Во истиот период беа превземени и активности за тестирање на подготвените драфт верзии на методологијата и алатките кои допринесоа кон нивно соодветно развивање и прилагодување. Алатките беа финализирани со помош и на надворешен експерт од оваа област. По финализирање на алатките, ЕСЕ заедно со партнерските организации подготви и методологија за селекција на испитаниците во истражувањето.
Истражувањето во заедницата до крајот на месец Август 2012 година беше спроведено во вкупно 8 општини од Македонија (Делчево, Пехчево, Виница, Прилеп, Шуто Оризари, Карпош, Ѓорче Петров и Сарај) опфаќајќи 820 лица од Ромската заедница, родители на деца од 0 – 6 години. Истражувањето беше спроведено преку следните инструменти: интервјуа, дискусии во фокус групи и излезни интервјуа. Со истражувањето преку интервјуа беа опфатени и 15

здравствени работници од Здравствените домови/Поликлиники во наведените општини.
Во периодот на известување, персоналот на ЕСЕ во координација со локалните граѓански организации и во консултација со надворешниот експерт и претставниците од Фондацијата отворено општество, подготви методологија за обработка на податоците од истражувањето во форма на Картичка за оценка од заедницата (Community score card). При подготовката на Картичката, прашањата од различните извори на истражувањето беа групирани во следните теми на истражување: покриеност со здравствени услуги за вакцинација; активности во заедницата (едукативни работилници и едукативни материјали); знаење за вакцините; пристап до здравствени услуги за вакцинација; доставување на покани за вакцинација; квалитет на услуги за вакцинација; комуникација на здравствениот персонал со населението; идентификација на не вакцинирани деца, плаќања; услуги од патронажна служба; координација помеѓу различните служби за вакцинација; активности од заводот за здравствена заштита на мајки и деца и директен скрининг на заедницата преку проверка на картончињата за вакцинација.
По финализирањето на методологијата за подготовка на картички за оценка на заедницата, партнерските организации со директна помош од ЕСЕ во текот на месец септември ги сумираа наодите од истражувањето преку изработка на поодделни картички за оценка на заедницата за секое одделно населено место од нивните општини.
Со цел методолошко и унифицирано претставување на резултатите добиени со подготовката на Картичките за оценка од заедницата, персоналот на ЕСЕ подготви терк за подготовка на извештај од Картичките за оценка од заедницата, според кој партнерските организации ги подготвија извештаите. Теркот беше подготвен со цел да се објасни методологија, начинот на спроведувањето на истражувањето, опфатот на ромското население со истражувањето, да се прикажат резултатите од Картичките од сите населби и да се издвојат клучните наоди.

***Подготовка и спроведување на стратегија за застапување***

На работилница во периодот од 03 до 06 октомври 2012 година од страна на ЕСЕ и партнерските ромски организации беше подготвена првичната верзија на стратегијата за застапување со цел за унапредување на опфатот на децата Роми со вакцинација и останатите превентивни здравствени услуги од страна на Здравствените домови. Стратегијата беше подготвена врз основа на наодите од мониторингот на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата и врз основа на наодите од мониторингот во заедницата. Според стратегијата беше подготвен и план за застапување за периодот октомври 2012 до јуни 2013 година. На дополнителен состанок беше подготвена и финалната верзија на стратегијата и акциониот план за застапување.
Во стратегијата беа одредени следните главни цели за застапување: спроведување на дополнителни патронажни посети во ромски средини, изработка на ромски јазик печатење и дистрибуција на едукативни материјали за детско здравје, имунизација и безбедно мајчинство, организирање и спроведување на едукативни работилници за родители во ромски средини, спроведување на терenski акции за откривање и вакцинирање на

невакцинираните деца Роми и вработување на курири за достава на покани за вакцинација во ромските средини. Организациите се договорија да застапуваат пред надлежните институции за усвојување, соодветно буџетирање и имплементација на овие мерки.
За потребите на застапувањето, ЕСЕ подготви документ насловен „Опфат на децата роми со вакцинацијата и превентивни здравствени услуги: состојба, проблеми и решенија". Овој документ беше доставен до донесувачите на одлуки од Министерството за здравство и Владата на РМ.
Во последниот квартал од 2012 година, ЕСЕ заедно со партнерските ромски граѓански организации реализираше низа на средби со претставници од Министерството за здравство и Министерот без ресор со цел нивно информирање за добиените наоди од мониторингот и за укажување за потребата од усвојување и имплементирање на предложените мерки.

***Активности за јакнење на капацитетите за работа на процесот на мониторинг на заедницата***

Со цел за јакнење на капацитетите на персоналот на ЕСЕ и партнерските ромски граѓански организации за работа на полето на мониторинг на заедницата во текот на 2012 година се одржаа две работилници. Првата работилница за обука во однос на процесот на мониторинг во заедницата беше одржана во периодот од 17 – 20 април во Делчево. Целта на обуката беше унапредување на знаењата, меѓутоа и спроведување на стратешко планирање за работата за периодот до крајот на 2012 година. Втората обука беше спроведена во периодот од 11 до 13 септември 2012 година во х. Метропол, Охрид. Целта на обуката беше учесниците да се стекнат со знаења и вештини за користење на различните медиуми во процесот на застапување.

***Останати активности во склоп на процесот на техничка поддршка и координација на мониторингот на заедницата***

**Подготовка на презентација за Меѓународната конференција „До подобро здравство за Ромите", организирана од страна на Владата на РМ и граѓанската организација ХЕРА**. Оваа конференција се организираше по повод претседателството на РМ со Декадата за инклузија на Ромите. На конференцијата четирите партнерски ромски граѓански организации и ЕСЕ ја претставија својата работа на полето на мониторинг на заедницата.

## Активности за мониторинг и анализа на буџети, следени со застапување базирано на истите, а во однос на Програмата за рана детекција на малигни заболувања за 2011 година

Од 2012 година, согласно на стратешките определби, ЕСЕ започна со мониторинг на имплементацијата на активностите и мониторинг на буџетот на Програмата за рана детекција на малигните заболувања, во две компоненти на оваа програма – рана детекција на карцином на грлото на матката и рана детекција на карцином на дојка.

Главна причина поради која ЕСЕ одлучи да започне со мониторинг на оваа Програма беа наодите и сознанијата од теренот кои ЕСЕ ги добиваше изминатите години од граѓанските организации кои работат на локално ниво, а кои укажуваа дека жените се соочуваат со одредени пречки и проблеми при користењето на услугите предвидени со оваа Програма.

Двете компоненти од Програмата за рана детекција на малигни заболувања се однесуваат на женска популација, а е од особена важност бидејќи предвидува низа на бесплатни превентивни здравствени услуги, како што се бесплатен превентивен гинеколошки преглед со ПАП тест и бесплатен скрининг на дојка. Поради значењето на оваа Програма за здравјето на жените ЕСЕ има за цел да го следи начинот на спроведување на самата програма – спроведување на активностите и услугите, опфатот на жените со активностите, остварување на поставениот обем на активности и опфат на популација со истите, како и мониторинг на реализацијата на планираниот буџет.

На почетокот на 2012 година спроведовме активности за мапирање на одговорните лица и институции за спроведување на активностите од Програмата за рана детекција на малигни заболувања за 2011 година. Потоа одржавме состаноци со претставниците од Министерството за здравство одговорни за оваа програма, со цел запознавање со тековните активности и целта на ЕСЕ во овој домен.

Со цел прибирање на податоци за начинот на програмското и буџетското извршување на Програмата, ЕСЕ подготви вкупно седум барања за пристап до информации од јавен карактер, кои содржат 32 поединечни прашања и ги поднесе до Министерството за здравство. По добивањето на податоците подготвивме сумарна анализа, во која ги презентиравме наодите од програмската и финансиската реализација на програмата во 2011 година.

Преку спроведената анализа ги детектиравме клучните проблеми во однос на имплементацијата и буџетската реализација на Програмата. Како главни заклучоци ги издвојуваме следните:

- во делот на превенција од карцином на дојка Министерството за здравство нема реализирано ниту една активност од предвидените, па оттука и средствата предвидени за нивна реализација остануваат непотрошени;
- во делот на превенција на карцином на грло на марка Министерството за здравство не ги спровело во целост планираните активности и остварило нецелосна реализација на предвидениот буџет за оваа програмска компонента.

Воедно во анализата дадовме препораки за унапредување на имплементација со цел зголемен опфат на жените со превентивните мерки.

## Активностите за буџетска анализа и застапување кои имаат за цел унапредување на правото на здравје и правото на живот без насилство во општините Кочани и Тетово и спроведување на пилот истражување за утврдување на вклученоста на граѓаните во процесот на донесување на одлуки од локално значење и локален буџетски процес

### Активности за мониторинг и анализа на буџети на локално ниво (општина Кочани и општина Тетово)

Предвидените активности во усвоените Локални акциски планови за унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје и унапредување на

системот за заштита од семејно насилство во Кочани, е предвидено да се спроведуваат во период од две години или 2012 и 2013 година. Во таа насока ЕСЕ оваа година активностите од своето работење претежно ги насочи кон мониторинг на спроведувањето и презентација на усвоените планови на локалните граѓански организации во Кочани кои треба да придонесат во поттикнување на локалната власт за спроведување на истите.
Во таа насока во последниот квартал од 2012 година, ЕСЕ оствари средба со одговорното лица при општина Кочани за координирање на активностите од усвоените акциски планови. Од средбата произлезе дека во текот на 2012 година е реализирана само една активност предвидена во Локалниот акциски план за унапредување на системнот за заштита од семејно насилство, односно формирано е Општинско координативно тело за превенција и заштита од семејно насилство во кое членуваат 11 лица од надлежните институции од општината. Останатите активности кои беа предвидени не се реализирани, поради немање на кадровски капацитет и реализацијата е одложено за 2013 година.
Во континуитет ЕСЕ продолжи со мониторинг на буџетот на општина Тетово, следење и анализа на други јавни финансиски документи од оваа општина.
За да се утврди имплементацијата на активностите предвидени во двата Локални акциски плана во Кочани, беа поднесени вкупно 40 барања за информации од јавен карактер до општина. Заради неисполнување на обврските на општина Кочани за навремено одговарање на поднесените барања, ЕСЕ поднесе вкупно 40 жалби до Комисијата за заштита на правото за пристап до информации од јавен карактер. Врз основа на добиените одговори од општината подготвена е информација за спроведување на активностите предвидени во Локален акциски план за заштита од семејно насилство и Локален акциски план за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје.

**Активности за спроведување на пилот истражување за учеството на граѓаните во буџетскиот процес на локално ниво**

Во текот на 2012 година беше спроведено пилот истражувањето за утврдување на степенот на вклученост на граѓаните во локалниот процес на донесување на одлуки и локалниот буџетски процес во општините Кочани и Тетово, како и утврдување на степенот на запознаеност и интерес на граѓаните за нивно вклучување во овие процеси.
Истражувањето беше спроведено преку теренско анкетно истражување, кое се спроведе врз основа на претходно утврден репрезентативен статистички примерок и врз основа на подготвен анкетен прашалник. Со истражувањето беа опфатени вкупно 800 граѓани од двете општини (300 граѓани од Кочани и 500 граѓани од Тетово).
Анкетниот прашалник врз основа на кој се спроведе истражувањето се состои од четири дела за утврдување на следните состојби: демографски и социо-економски податоци; степенот на запознаеност на населението со организацијата и функционирањето на локалната самоуправа; степенот на запознаеност на населението со општинскиот буџет и текот на локалниот буџетски процес; ставовите и искуствата на граѓаните по однос на учеството во буџетскиот процес.
Со истражувањето исто така се имаше за цел да даде на компаративен приказ помеѓу ставовите и искуствата на населението и ставовите и искуствата на локалните власти во поглед на вклучувањето на граѓаните во овие процеси. За

таа цел беше спроведено интервју со раководителот на секторот за финансии и буџет при општина Кочани. Во општината Тетово, одговорните лица не се одѕваа на барањето за интервју.
Прибраните податоци преку спроведеното истражување беа внесени во база за статистичка обработка на податоци и истите беа обработени и соодветно прикажани.

## АКТИВНОСТИТЕ ЗА ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ПЕРСОНАЛОТ НА ЕСЕ ВО ОБЛАСТА НА МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТИ

Во текот на 2012 година ЕСЕ продолжи со јакнење на своите човечки капацитети на ова поле.
Јакнењето на капацитетите на персоналот на ЕСЕ се одвиваа преку учество на обуки од соодветната област од домашни и меѓународни експерти, учество на студиска посета во организација со долгогодишно искуство на ова поле и преку ангажирање на меѓународен експерт како консултант за интеграција на оваа методологија во работењето на ЕСЕ.
Во таа насока во периодот на 2012 година беа спроведени следните активности за градење на капацитетите на ЕСЕ:
- дводневна обука за здравствени буџети и финансирање на здравствениот сектор во Македонија, која беше спроведена од д-р. сци. екк. Ванчо Велинов од Институтот за јавно здравје.
- дводневна обука за здравствени буџети и финансирање на здравствениот сектор во Македонија, која беше спроведена од страна на Д-р Владимир Лазаревик, Г-дин Ѓорѓи Тренковски и Г-дин Сашо Станоески.
- обука за јакнење на капацитетите и размена на меѓународни искуства во област на Здравството и здравствените буџети, со наслов “Health and budget analysis” и испорачана од International Budget Partnership.
- студиска посета во организацијата FUNDAR центар за анализи и истражувања од Мексико, со цел размена на искуства и воспоставување на соработка во делот на мониторинг и анализа на буџети.
- студиска посета организирана од граѓанската организација CEGSS од Гватемала, со цел размена на искуства и воспоставување на соработка во делот на мониторинг на заедницата.
- обука за Следење на буџети на локално и национално ниво, спроведена од Здружението на финансиски работници на локалните самоуправи и јавните претпријатија од Велес.
- ангажирање на меѓународен консултант на ова поле, како техничка поддршка во работата на ЕСЕ на полето на имплементацијата на методологијата за мониторинг и анализа на буџет.

***Позначајни постигнувања од спроведувањето на активностите од компонентата за мониторинг и анализа на буџети:***

- подготвена анализа во однос на мониторингот на имплементацијата и буџетските трошоци на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во 2011 година на национално ниво, базирана на обработените податоци добиени врз основа на поднесени барања за пристап до информации од јавен карактер и други релевантни јавно достапни документи;

- спроведено истражување во вкупно 8 општини од Македонија (Делчево, Пехчево, Виница, Прилеп, Шуто Оризари, Карпош, Ѓорче Петров и Сарај), покривајќи 16 ромски населби во наведените општини, за спроведување на активностите од Програмата за активна здравствена заштита на мајки деца во ромските средини во одделните општини;
- подготвени Картички за оценка од заедницата (community score cards) за секое опфатено населено место со истражувањето во заедницата;
- зајакнати капацитетите на ЕСЕ и четирите партнерски ромски граѓански организации во однос на концептот на мониторинг на заедницата и креирање на стратегија за застапување и вклучување на компонентата "медиуми" во процесот на застапување;
- подготвена и спроведена стратегија за застапување со цел унапредување на опфатот на децата Роми со вакцинација и со превентивни здравствени услуги, преку директни состаноци и доставување на релевантни документи до донесувачите на одлуки.
- подготвена анализа на програмската и финансиската имплементацијата на Програмата за рана детекција на малигни заболувања, односно имплементацијата на активностите од компонентите за рана детекција на карцином на дојка и карцином на грло на матка во периодот на 2011 година и планираните активности во истата програма за истите програмски компоненти за 2012 година;
- алоцирани средства од буџетот на општина Кочани за спроведување на Локалниот акционен план за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје и за Локалниот акционен план за унапредување на системот за заштита на жртвите на семејно насилство;
- подготвен извештај за спроведување на активностите предвидени во Локален акциски план за заштита од семејно насилство и Локален акциски план за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје, врз основа на добиени одговори на поднесени барања за пристап до информации од јавен карактер;
- спроведено пилот истражување во општина Кочани и општина Тетово;
- зајакнати капацитети на ЕСЕ во следните области - Економиката во здравството; циклус на здравствените буџети во РМ; буџетскиот циклус на локално и национално ниво;
- воспоставена соработка со меѓународни организации за размена на искуства во областа на мониторинг и анализа на буџети и мониторинг на заедницата.

## **КОМПОНЕНТА II:** ДИРЕКТНИ УСЛУГИ ЗА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ЖЕНИ

Здружението ЕСЕ, во изминатите 10 години, стратешки е насочено кон обезбедување на директни услуги и помош на маргинализирани групи на жени, со цел потпомогнување на нивниот пристап и олеснување на постапката за остварување на своите права од различни област. Од 2002 година во рамки на ЕСЕ функционираат два центри за директни услуги за жените, односно Центарот за правна помош (ЦПП) и Здравствениот информативен центар. Од 2004 година започнавме со обезбедување на дополнителна психо – социјална помош и поддршка на жените и нивните блиски членови од семејството, Психолошкото советувалиште.
Во изминатите години од работењето на Центрите за директна помош и поддршка, обезбедивме голем број на правни, здравствени и психолошки услуги за жените и жените жртви на семејно насилство. Во 2012 година, како продолжение на досегашните заложни и напори ги извршивме следните активности и ги оствaривме следните резултати:

### **ЗДРАВСТВЕН ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР**

Здравствениот информативен центар од неговото формирање до денес ги извршува своите редовни активности и обезбедува: здравствени информации и совети за своите клиенти (постојани и нови), промоција на своето работење, бесплатни тестови и консултации за специфични заболувања во кои спаѓаат остеопорозата, сексуално преносливи болести и во секој момент одговара на тековите потреби на своите клиенти, бесплатни суплементи како додатоци во исхрана за превенција но појава на остеопороза и постојани активности за подигнување на јавната свест кај жените, вклучувајќи ја и машката популација.
Во текот на 2012 година, Здравствениот информативен центар го посетија вкупно 139 клиентки за добивање на совети или користење на директни услуги. При тоа, 97 клиентки се обратиле за совети поврзани со остеопорозата и за подигање на препаратот „Остео К2", витамински суплемент кој се користи за превенција и третман на остеопорозата, а кој бесплатно им се дистрибуира на клиентките; додека 42 клиентки се обратиле за проверка на параметри во крвта.
Во рамки на Здравствениот информативен центар преку официјалната интернет страница постојано се информираше јавноста за услугите кои ги нуди центарот и се објавуваа информации поврзани со здравјето на жените и Ромите, а со цел подигнување на свеста на населението за остварување на нивните права од областа на здравството и заштита на своето здравје.

### **ЦЕНТАР ЗА ПРАВНА ПОМОШ**

Во 2012 година Центарот за правна помош на ЕСЕ го одбележа својот десетгодишен јубилеј на постоење и спроведе активности за промовирање на постигнатите резултати во работењето, промовирање на положбата на жената и по 10 години, промовирање на идните чекори на центарот и изразување на благодарност до сите досегашни соработници.
Имено за период од 10 години Центарот за правна помош ги постигна следниве резултати: правна и психо-социјална помош и поддршка за 2859 корисници;

подготвени 1282 поднесоци; 106 кривични пријави; бесплатно судско застапување за 173 жртви на семејно насилство и 4418 одржани средби со стручен тим од ЦПП. Воедно беше потенцирана и важноста од постоењето и понатамошната одржливост на овој сервис за жртви на семејно насилство.
Во Центарот за правна помош и во 2012 година се обезбедуваше правна помош и поддршка на жени жртви на семејно насилство и маргинализирани групи (жени Ромки, жени кои живеат во социо економски неповолни услови итн) преку, подготовка на писмени поднесоци (тужби, жалби, претставки и поднесоци до надлежни институции), како и упатување и советување на клиентите во соодветни надлежни институции за остварување на нивните права. Правната помош се обезбедува преку директни средби со клиенти или преку официјалната телефонска линија на ЦПП.
Во текот на 2012 година до Центарот за правна помош се обратиле вкупно 350 лица, од кои 175 се обратиле за прв пат. Во текот на 2012 година, во Центарот за правна помош се одржани вкупно 400 индивидуални средби на основа на претходно закажување на термини.
Имено, од вкупниот број на клиенти кои се обратиле во Центарот за правна помош, 120 се обратиле заради развод на брак; 24 се обратиле за остварување на право на старателство врз дете; 47 се обратиле за помош заради плаќање односно неплаќање алиментација; 76 се обратиле за имотно правни предмети; 15 се интересирале за кривични предмети и 15 за поднесување на предлог за привремени мерки за заштита од семејно насилство.
Во однос на бесплатното застапување на жените жртви на семејно насилство во судски постапки, во текот на 2012 година ЕСЕ обезбеди застапување на 10 клиентки на Центарот за правна помош во пред првостепени и второстепени судски органи. Девет од нив се застапувани пред првостепени органи, додека пак една пред второстепен орган.
Покрај основните директни услуги кои во текот на 2012 година ги обезбедивме на нашите клиенти во рамки на ЦПП, во истиот период следејќи ги долгорочните заложби на ЕСЕ за унапредување на положбата на жените во општеството, остварување на родовата рамноправност, поголема заштита на жените жртви на семејно насилство и поголемо почитување на постоечките правни норми, ЕСЕ беше дел од низа настани и јавни дебати, каде преку своето искуство во оваа област даде придонес во повеќе области за унапредување и остварување на женските човекови права.

### Психолошко советувалиште

Во текот на 2012 година, во психолошкото советувалиште се обратиле вкупно 60 клиенти, од кои 43 се обратиле за прв пат, а одржани се вкупно 120 индивидуални средби. Советувалиштето првенствено е наменето за жени жртви на семејно насилство, но понекогаш за психолошка помош се јавуваат и мажи, како и брачни парови заедно.
Во текот на 2012 година, од вкупниот број клиенти кои се јавиле за прв пат, имало вкупно 40 жени, двајца мажи и еден брачен пар. Во однос на националната припадност, 38 од клиентите се со македонска национална припадност, две се со албанска национална припадност, една е со ромска национална припадност, а останатите две со друга националност. Најголем дел од клиентите се на возраст од 31 до 50 години, односно вкупно 28, шест се на возраст од 18 до 30 години, пет

се на возраст од 51 до 60 години и четири се на возраст над 61 година. Во однос на образовната структура, една клиентка е без образование, три клиентки се со основно образование, 30 се со средно образование, осум се со високо образование и една сеуште студира. Во однос на работниот статус најголем дел од клиентките се вработени односно вкупно 21, 16 од клиентките се невработени, пет се пензионери и една е студентка. Во однос на брачниот статус, 29 од клиентките се во брак, 10 од клиентките се разведени, една е вдовица, една е во вонбрачна заедница и две се сами. Триесет и седум од клиентите кои се јавиле во психолошкото советувалиште побарале помош во врска со семејно насилство. Психичкото страдање е регистрирано кај 35 од клиентите, 24 доживеале физичко насилство, шест економско и една сексуално насилство. Како сторител на семејното насилство во најголем број случаи се јавува брачниот партнер, во вкупно 24 случаи, во пет случаи се јавува поранешниот брачен партнер, во четири случаи роднините, во два случаи сопственото дете, во еден случај брачниот партнер и во еден случај братот.

Од вкупниот број индивидуални средби кој изнесува 120, психологот советувач на средбите со клиентите реализирал 58 советувања, 26 психолошки интервенции, 3 супортивни терапии, 2 интервенции за подигнување на самодоверба, 3 психолошки седници, 17 тераписки интервенции, една психотераписка интервенција и две се упатени кај адвокатот на ЕСЕ. По завршеното советување, кај две од клиентите нема промена на состојбата, кај 18 е регистрирано подобрување на психичката состојба, три го подобриле квалитетот на комуникација со семејството, шест сеуште доаѓаат на закажани термини кај психологот и за 13 од клиентките немаме повратни информации бидејќи понатаму не се обратиле за помош и поддршка.

***Позначајни постигнувања од работењето на Здравствениот информативен центар:***

- обезбедени совети или користење на директни услуги на 139 клиенти;
- обезбедени совети и витамински суплементи за превенција и третман на остеопороза на 97 клиентки;
- обезбедени услуги за проверка на холестерол, шеќер и триглицериди на 42 клиентки.

***Позначајни постигнувања од работењето на Центарот за правна помош:***

- обезбедени правни совети, помош и поддршка на 350 клиенти, од кои 175 се обратиле за прв пат во ЕСЕ;
- реализирани 400 индивидуални средби со клиенти;
- обезбедена помош на: 120 клиенти за развод на брак; 47 за издршка; 24 за старателство; 76 за имотноправни предмети, 15 за кривични предмети, 15 за изрекување на привремени мерки за заштита на семејно насилство.

***Позначајни постигнувања од работењето на Психолошкото советувалиште:***

- обезбедени 58 советувања, 36 психолошки интервенции, 3 супортивни терапии, 2 интервенции за подигнување на самодоверба, 3 психолошки седници, 17 тераписки интервенции и една психотераписка интервенција;
- во 18 е регистрирано подобрување на психичката состојба, три го подобриле квалитетот на комуникација со семејството и шест сеуште доаѓаат на закажани термини кај психологот.

**III. КОМПОНЕНТА:** ПАРАПРАВНА ПОМОШ И ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИ

Ромите во РМ се маргинализирани од повеќе аспекти во јавниот и во општествениот живот, а особено во однос на остварувањето на правото на здравствена заштита, здравственото осигурување и заштитата на правата на пациентите. Ваквата состојба се потврдува и од наодите на одредени истражувања кои, покрај и онака лошата состојба, укажуваат на постоење на дискриминаторски практики што ги оневозможуваат Ромите во целосно уживање на човековите права. Ова последното се однесува на третманот на Ромите како пациенти, иако здравствениот персонал го негира постоењето на таквите практики. Оттаму, Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ започна со процес на воведување на програми за параправна помош во ромските заедници во Шуто Оризари и во Делчево преку кои на Ромите ќе им се олесни пристапот до системот за заштита на правото на здравје.
Планираните активности имаат за цел да се подобри пристапот на ромското население до системот за заштита на ова право, вклучувајќи го и правниот систем. Планираната цел ќе се реализира преку воспоставување програми за параправна помош во општините Шуто Оризари и Делчево, односно преку идентификување и обука на лица – параправници за да се обезбеди параправна помош и помош и информации за олеснување на пристапот до заштита на правото на здравје и преку активностите што имаат за цел да се зголеми степенот на свесност на ромската заедница за правото на здравје, односно поспецифично, правата на пациентите и можностите за нивно спроведување и заштита. Од друга страна, дел од проектните активности се насочени кон зајакнување на капацитетите на граѓанските организации-партнери во спроведување на проектот за да се застапат промените на состојбите во однос на ова прашање на локално и на национално ниво.
Носители и партнери на спроведување на проектните активности: Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ (носител на проектот); Центар за демократски развој и иницијатива – ЦДРИМ, Шуто Оризари (партнер во спроведувањето на проектот), Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите „КХАМ“, Делчево (партнер во спроведувањето на проектот).

Во рамките на проектот, во текот на 2012 година се спроведоа следните активности:

#### АНГАЖИРАЊЕ НА ОСНОВНА ГРУПА НА ЛИЦА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПАРАПРАВНА ПОМОШ

Согласно со планираното, двете партнерски организации имаа обврска да идентификуваат лица за обезбедување на параправна помош, кои понатаму дополнително поминаа низ процесот на селекција. За избор на лица за обезбедување на параправна помош се применија однапред утврдени нацрт-критериуми за селекција и тоа: средно образование, потекло од заедниците кои се вклучени во спроведување на активностите и можно претходно работно искуство во обезбедување на услуги на локалното население. Во општината Шуто Оризари беа идентификуваа шест лица, а во Делчево четири.

Од нив подоцна беа одбрани четири лица во Шуто Оризари и две во Делчево кои продолжија со обезбедување на параправна помош и поддршка во своите заедници.

### Обука на лица за обезбедување на параправна помош

Имајќи ја предвид потребата од едукација и запознавање на параправниците со правата од областа на заштита на правата на пациентите, здравствената заштита и здравственото осигурување, како и од останатите прашања што се од интерес за обезбедување на соодветна помош и поддршка на локалните заедници, ЕСЕ спроведе една почетна/иницијална обука и две континуирани обуки наменети за параправниците.

Во првата половина на  овој период на известување беше одржана првата иницијална обука за обучување на лица за обезбедување на параправна помош. Покрај поширокатa група параправници, на обуката присуствуваа и координаторите што беа одговорни за спроведување на проектните активности во двете партнерски ромски организации.  Почетната обука опфати повеќе содржини и тоа: здравјето – основен концепт; системот на здравствена заштита во РМ; правото на здравје и здравствената заштита; законските решенија од областа на здравственото осигурување;  остварување на правата од здравственото осигурување; казненоправната заштита на здравјето на луѓето; правата на пациентите и заштита на правата на пациентите.

Втората обука за основната група на параправници се одржа втората половина на овој период на известување. Покрај групата на параправници, на обуката присуствуваа и координаторите што беа одговорни за спроведување на проектните активности во двете партнерски ромски организации. Обуката ги опфати следните содржини: правата на пациентите и системот за заштита на правата на пациентите и правата од здравственото осигурување и постапките за нивното остварување согласно со Законот за здравствено осигурување и Законот за општа управна постапка.

Третата обука имаше за цел параправниците подетално да се запознаат со правата од областа на социјалната заштита во РМ  и постапките, начинот и условите за остварување на одделните права од областа на социјалната заштита согласно Законот за социјална заштита и Правилникот за начинот на остварување и користење на правото на социјална парична помош. На обуката присуствуваше основната група на параправници и координаторите што беа одговорни за спроведување на проектните активности во двете партнерски ромски организации. Обуката ги опфати следните содржини: права од областа на социјалната заштита во РМ; постапката, начинот и условите за остварување на одредено право од областа на социјалната заштита согласно Законот за социјална заштита и Правилникот за начинот на остварување и користење на правото на социјална парична помош.

### Воведување на програма за параправна помош

За потребите за воведување на програмата за параправна помош од страна на ЕСЕ беа подготвени формулари и база на податоци кои имаат за цел водење на евиденција и соодветно функционирање на програмата за обезбедување на параправна помош и поддршка. Имено, беа подготвени следните формулари:

почетен формулар за секој одделен клиент, формулар за примени клиенти и формулар за присуство на параправниците/распоред за обезбедување на параправна помош и поддршка. Подготвената база на податоци беше инсталирана од страна на ЕСЕ во двете партнерски организации.

**ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПАРАПРАВНА ПОМОШ**

Програмата за параправна помош што ја спроведоа партнерските ромски организации опфати три вида активности:

- *обезбедување на параправна помош и поддршка во поединечни случаи*
- *активности за информирање на заедницата во однос на обезбедувањето на параправна помош по принципот „од врата до врата“ и*
- *едукативни активности за здравствени прашања од интерес за заедницата и остварување на правото на здравје.*

***Обезбедување на параправна помош и поддршка***

Параправните програми започнаа со работа, односно започна со обезбедување на параправната помош и поддршка во двете ромски заедници. Параправната помош и поддршка ја обезбедуваа следните лица: Ромина Кајтазова („КХАМ“, Делчево); Санела Абдулова („КХАМ“, Делчево); Денис Ибраим (ЦДРИМ, Скопје); Бајрамша Демир (ЦДРИМ, Скопје); Орхан Ибраим (ЦДРИМ, Скопје) и Ахмет Зекир (ЦДРИМ, Скопје).
Во овој период, параправниците активно учествуваа во подготовка на плановите за спроведување на информативните и едукативните активности, но што е уште побитно, се запознаа со едукативните материјали што ги добија на почетокот на работата. Исто така, параправниците добија задача да се запознаат со новините што се однесуваат на пререгистрација на невработените лица со цел да добие здравствено осигурување кое се спроведе во периодот јуни, јули и август.
Со инсталирање на базата на податоци и подготовката на потребните формулари, параправниците имаа задача сите клиенти што се обратиле за помош да ги внесат во електронската евиденција, како и да формираат досиеја за сите странки што се обратиле.
Едногодишното работење на двете параправни програми овозможи обезбедување на следната помош и поддршка во општините Шуто Оризари и Делчево:

**<u>ЦДРИМ – Шуто Оризари</u>**

Во истиот период параправниците во Шуто Оризари обезбедиле помош и поддршка во вкупно 286 случаи (на 124 жени и на 162 мажи).
Во однос на етничката припадност сите 286 лице припаѓале на ромската етничка заедница. Од вкупниот број лица што се обратиле за помош и поддршка, сите имале здравствено осигурување. Во однос на основот по кој овие лица го оствариле правото на здравствено осигурување, податоците се следни: 20 лица

го оствариле по основ на вработување; 39 по основ на пензија; 206 по основ на невработеност; 9 лица директно од ФЗО; 10 лица како корисници на постојана парична помош и 2 лица како член на семејство на осигуреник. Во однос на тоа дали корисниците остваруваат примања, 105 лица се изјасниле дека немаат примања, додека останатите, 181 лице, се изјасниле дека имаат примања. Според податоците што ги споделиле корисниците, тие приближно подеднакво припаѓаат на три различни групи на висина на примања, односно 56 лица имаат примања до 3 000,00 МКД; 58 лица имаат примања 3 001,00 МКД – 5 000,00 МКД; додека 67 лица имаат примања 5 001,00 МКД – 7 500,00МКД. Според возраста, 32 лица се наоѓале на возраст од 18 до 30 години; 180 лица се наоѓале на возраст од 31 до 55 години, додека 74 лица биле на возраст над 50 години.
Најчести повреди на правата за кои се обратило локалното ромско население во Шуто Оризари се: правото на инвалидска пензија; правото на туѓа нега; правото на соодветен третман од страна на здравствените работници; правото на здравствено осигурување; правото на остварување на гинеколошка здравствена заштита; правото на бањско лекување; правото на остварување на различни видови на социјална парична помош и правото на рефундирање на средства и ослободување од плаќање на партиципација.
Следните видови помош и поддршка се обезбедени во однос на гореспоменатите повреди: на 286 лица им е даден совет за остварување на правото на здравје, односно здравственото осигурување, здравствената заштита и заштитата на правата на пациентите и тие се упатени до одредени здравствени установи за спроведување на нивните права; на 80 лица им е помогнато во однос на стекнување на правото на здравствено осигурување преку нивна пререгистрација; на 20 лица им е помогнато во обезбедување на гинеколошка здравствена заштита, односно избор на матичен гинеколог во друга општина бидејќи во Шуто Оризари нема гинеколог; на 10 лица им е помогнато во остварување на бањско лекување; на 20 лица им е помогнато во однос на ослободување на плаќање на партиципација при обезбедување на здравствена заштита; на поголем број од странките им било помогнато во насока на подготовка на барања за остварување на различни видови социјална помош; на едно лице му е помогнато во однос на остварување на правото на инвалидска пензија; на две лица им е помогнато во остварување на правото на туѓа нега преку обезбедување на потребната документација и подготовка на соодветни писмена; на едно лице му е помогнато во насока на спроведување на потребна хируршка интервенција која поради несоодветен и нестручен третман од здравствените работници не му била овозможена.

**„КХАМ“ – Делчево**

Согласно со податоците добиени од страна на партнерските организации во текот на едногодишниот период, параправниците обезбедиле помош и поддршка на вкупно 301 лице (на 104 жени и на 197 мажи). Вредно е да се спомене дека вкупниот број лица што биле опфатени со севкупните активности во локалната заедница на Делчево изнесува над 1 000 лица.
Во однос на етничката припадност, 280 лица припаѓаат на ромската етничка заедница, додека 21 лице се Македонци. Од вкупниот број лица што се обратиле за помош и поддршка сите имале здравствено осигурување што го стекнале со процесите на пререгистрација на невработени лица. Во однос на основот по кој

овие лица го оствариле правото на здравствено осигурување, податоците се следни: 40 лица го оствариле по основ на вработување, 21 по основ на пензија и 240 по основ на невработеност. Во однос на големината на примања на корисниците на помош и поддршка, поголемиот број од нив имаат приход од 3 001,00 до 5 000,00 МКД; 70 лица имаат приход од 10 001,00 до 12 500,00 МКД; додека 43 лица имаат приход од 12 501,00 МКД до 15 000,00 МКД. Кога зборуваме за староста на клиентите кои се обратиле, 102 лица се наоѓале на возраст од 30 до 40 години; 158 лица на возраст од 40 до 50 години, додека 41 лице имало над 50 години старост.

Најчести повреди за кои припадниците на ромската локална заедница им се обратиле на параправниците во Делчево се: остварување на правото на здравствено осигурување, односно пререгистација на невработените лица за стекнување со ова право; правото на рефундирање на средства; правото на туѓа нега; правото на еднократна парична помош; правото на бањско лекување; правото на користење на средствата од социјална помош и обезбедување на можноста за користење на ова право поради нивно блокирање; правото на обезбедување на потребна документација (здравствена електронска картичка) за остварување на правото на здравствена заштита и правото на користење на превентивните мерки согласно со дел од владините програми за превентивна здравствена заштита.

Следните видови помош и поддршка се обезбедени во однос на гореспоменатите повреди: на 173 лица им е помогнато да извршат пререгистрација за стекнување со правото на здравствено осигурување (во текот на траење на овој проект невработените лица мораа во два наврати да се пререгистрираат); на 8 лица им е помогнато во обезбедување на електронски здравствени картички кои претставуваат предуслов за остварување на здравствена заштита; на 12 лица им е помогнато во подготовка на барање за остварување на правото на еднократна социјална парична помош; на 5 лица им е помогнато во комплетирање на документите што се потребни за остварување на здравствената заштита, односно потребните документи и здравствената книшка; на 9 лица им е помогнато во подготовка на барањето и претставките до локалната самоуправа во насока на деблокирање на нивните трансакциски сметки и овозможување на користењето на нивната социјална помош; на 12 лица им е помогнато, односно биле придружувани до одредени здравствени институции при остварување на нивното право на здравствена заштита и на 47 лица им е помогнато да го остварат своето право на превентивни мерки (согласно со дел од превентивните здравствени програми, односно програмата за рана детекција на малигни заболувања, односно на рак на дебело црево и рак на матка).

***Информирање на заедницата во однос на обезбедување на параправна помош и поддршка***

Овие активности се спроведоа од страна на одбраната група на параправници (најмалку еднаш во два месеци, односно вкупно шест посети во секоја од избраните заедници). Имено, во секоја од ромските заедници параправниците во групи од по двајца ги посетуваат ромските домаќинства според претходно утврден план.

Имајќи предвид дека програмата за обезбедување на параправна помош започна со реализација во јули 2011 година, во првиот тримесечен план за работа беше

утврдено ромските организации да подготват план за спроведување на овие активности, како и да ги идентификуваат здравствените установи на нивно подрачје со цел да се прошири спроведувањето на информативните активности во нивните заедници.
За полесно и соодветно да се информира ромското население со содржината, односно со видот на помошта и поддршката којашто ќе се обезбеди во рамки на програмата за параправна помош, ЕСЕ подготви два информативни летоци и еден постер. Првиот леток беше испечатен во 1 000 примероци и тој им беше доставен на партнерските организации за понатамошна дистрибуција (600 примероци на ЦДРИМ, Скопје и 400 примероци на „КХАМ“, Делчево) на ромското население. Вториот леток и постерот беа подготвени во периодот ноември – декември 2011 година. Беа испечатени 5 000 летоци и 300 постери.

Во општината Шуто Оризари информативните беа спроведени континуирано во областа на општината во различни реони. Параправниците го запознаа локалното население со содржината на правото на здравје, односно ги информираа за можностите на спроведување и заштита на ова право. Во рамките на информативните активности, во оваа општина се дистрибуирани 2 500 летоци, додека на видни места во општина се поставени 500 постери. Во насока на пошироко запознавање на локалното население со помошта и поддршката што ја нуди параправната програма, спроведени се и повеќе медиумски настани и тоа на ТВ Шутел, а во насока на зголемување на степенот на информираност на локалното население за помошта и поддршката што ја нудат параправните програми, воспоставена е соработка со локалните здравствени институции на територијата на општината Шуто Оризари. Имено, воспоставена е соработка со Здравствениот дом и двете приватни здравствени амбуланти, со локалната самоуправа, односно со претседателот на Советот, Центарот за социјална работа и со Пензионерскиот дом во општината.

Во општина Делчево информативните активности од врата до врата беа спроведени континуирано во времетраење на проектот. Преку овие активности во општина Делчево се дистрибуирани приближно 730 летоци и се поставени 46 постери. Исто така, се поделени приближно 80 промотивни материјали за тематска веб-страница (**www.healthrights.mk**). Помошта и поддршката што се нудат во рамките на параправната програма во четири наврати биле промовирани на локалната телевизија Д1, додека координаторот на проектот, кој истовремено е и лице одговорно за комуникација со медиумите, параправната помош и поддршка ја промовирал на локалните телевизија и радио при секој свој настап. Во насока на зголемување на степенот на информираност на локалното население за помошта и поддршката што ја нудат параправните програми, воспоставена е соработка со локалните здравствени институции на територијата на општина Делчево. Имено, воспоставена е соработка со здравствените институции од примарната здравствена заштита, здравствени институции од секундарна здравствена заштита, како и во рамки на Здравствениот дом Гоце Делчев со центарот за хемодијализа, породилиштето, административната служба и техничкиот персонал; 16 матични лекари по општа медицина, двајца матични гинеколози, девет матични стоматолози, двајца ортодонти и еден протетичар.

***Едукативни активности за здравствени прашања од интерес за заедницата и остварување на правото на здравје***

Во општините Шуто Оризари и Делчево беше организирана серија од по шест тркалезни маси. Тркалезните маси имаа за цел да ја зголемат свесноста на ромското население за одредени здравствени прашања кои се релевантни за нив, како и за остварување на правото на здравје. За оваа цел беа ангажирани здравствени работници и професионалци кои одржаа предавања на соодветно идентификуваните прашања. Дел од едукативните активности беа посветени на заштитата на правата на пациентите, вклучувајќи дополнителни информации за функционирањето и поддршката што ја нудат програмите за параправна помош. За потребата од одржување на едукативните работилници, параправниците подготвија презентација за заштита на правата од областа на здравствената заштита и здравственото осигурување, како и заштитата на правата на пациентите со цел активно презентирање на претстојните работилници.

Во општина Шуто Оризари беа спроведени пет тркалезни маси. Три тркалезни маси се одржаа на тема Заштита на правата на пациентите", една на тема „Остварување на правото на помош за туѓа нега" и една на тема „Права од областа на социјалната заштита" На петте тркалезните маси присуствуваа вкупно 70 лица. На сите учесници им беа поделени хигиенски пакети.

Во општина Делчево беа спроведени шест тркалезни маси на следните теми: „Обврската за пререгистрација на здравственото осигурување и аплицирањето за електронска здравствена картичка", „Правата на пациентите", „Улогата на службата за итна помош", „Туѓа нега, рефундирање на средствата и заштита на правата на пациентите", „Болничко лекување, бањско лекување, упатување на клиника и листи на чекање" и „Новини во здравствената заштита". На тркалезните маси присуствуваа вкупно 160 лица. На дел од учесниците, односно на 40-тина, им беа поделени хигиенски пакети.

**ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЗАЛОЖБИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СТАТУСОТ НА РОМИТЕ**

Врз основа на стекнатото искуство и од резултатите од функционирањето на параправната програма се одржаа две јавни дебати во двете ромски заедници опфатени со проектот. Имено, во секоја од селектираните заедници се одржа по една јавна дебата. Јавните дебати беа организирани со цел корисниците/ пациентите и професионалците што ја нудат таа заштита да дебатираат по прашањето на заштита на правата на пациентите. Имајќи предвид дека овој проект преставува почеток во воведувањето и обезбедувањето на овој вид помош и поддршка во двете ромски заедници, сметавме дека организирањето на по една јавна дебата е доволно за отпочнување на дискусија за сите прашања од интерес во двете заедници.

Во општина Шуто Оризари во месец јули се одржа јавна дебата на тема „Правото на здравје". На дебатата учествуваа координаторот на проектот во партнерската организација „КХАМ"; д-р Димче Поповски од Здравствениот дом, Шуто Оризари и Енвер Јонуз, социјален работник. На јавната дебата присуствуваа аа вкупно 22 граѓани, при што се дискутираше за проблемите и пречките со кои се соочуваат

граѓаните во однос на остварување на правата од областа на социјалната заштита, како и за остварување на правото на здравствено осигурување особено за потребата од пријавување на сите членови на семејството во насока на стекнување со ова право. Општ заклучок од оваа јавна дебата е дека граѓаните за своите проблеми во остварување на правото на здравје мораат да се обратат до надлежните институции и за тоа да побараат решение за нив.

Во општина Делчево во месец јуни се одржа јавна дебата на тема „Квалитетот на здравствените услуги на локално ниво и правата на пациентите". На јавната дебата учествуваа координаторот на проектот; Виолета Арсова, педијатар и одговорна за имунизација; д-р Гоце Стоименовски, одговорен за итна помош; Јелица Стојковска, епидемиолог и Мира Стојчевска, претседател на Комисијата за унапредување на правата на пациентите во општина Делчево. Јавната дебата се одржа на локалната Д1 телевизија и таа беше емитувана три пати. На истата се дискутираше за здравствените услуги што ги нуди Здравствениот дом, Делчево, квалитетот на обезбедените здравствени услуги и можностите за унапредување на состојбите. Општ заклучок од одржаната јавна дебата беше дека е потребно да се организираат повеќе јавни дебати преку кои граѓаните навреме и редовно ќе бидат информирани за реформите во здравствениот систем и заштита.

***Позначајни постигнувања од спроведувањето на компонентата за параправна помош:***

- утврден е степенот на остварување на правата на пациентите во општините Шуто Оризари и Делчево преку спроведен анкетен прашалник во двете заедници;
- идентификувана е поширока група од десет лица за обезбедување на параправна помош и одбрана е група од шест параправници за обезбедување на овој вид помош;
- зголемени се знаењата и вештините на пошироката група на параправници во однос на концептот за параправна помош за: здравјето, основната поставеност на здравствениот систем, правата од областа на здравствената заштита, здравственото осигурување и заштита на правата на пациентите преку спроведување на почетна обука;
- зголемени се знаењата и вештините на основната група на параправници во однос на постапките за заштита на правата на пациентите и правата од здравственото осигурување, како и правата од областа на социјалната заштита и детската заштита преку спроведување на втората, односно третата континуирана обука;
- подготвен е Прирачник за обезбедување на параправна помош и упатство за институциите и постапувањето во системот за заштита, вклучувајќи и различни видови обрасци/видови поднесоци за остварување и заштита на правото на здравје;
- подготвен е систем за водење на евиденција и прибирање податоци на програмите за параправна помош (формулари и база на податоци);
- подготвен е и испечатен е леток во 1 000 примероци за запознавање на ромското население за помошта што се нуди во рамки на програмите за параправна помош;

- подготвен е, испечатен е и дистрибуиран е леток (5 000 примероци) и постер (300 примероци) за запознавање на ромското население за помошта што се нуди во рамки на програмите за параправна помош;
- обезбедена е параправна помош и поддршка во 587 поединечни случаи;
- спроведени се 11 едукативни тркалезни маси за запознавање на ромското население со прашања од интерес поврзани со здравствената заштита, здравственото осигурување и заштита на правата на пациентите;
- спроведени се две јавни дебати.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Во овој извештај не се содржани резултатите од обезбедувањето на параправна помош и поддршка од страна на Ромскиот ресурсен центар кој од јули 2012 година исто така обезбедува ваков вид на помош и поддршка во општината Шуто Оризари.

## **IV. КОМПОНЕНТА:** ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Правото на здравствена заштита е уставно загарантирано право во нашата земја, и истото е подетално уредено со законите кои ја уредуваат оваа материја. Почитувањето на човековите права во здравствената заштита претставува прашање за кое во нашата земја поинтензивно се говори по донесувањето на Законот за заштита на правата на пациенти во 2008 година. Со Законот за заштита на правата на пациентите се уредува заштитата на правата на пациентите во користењето на здравствената заштита; правата и обврските на пациентите; правата и обврските на здравствените установи и здравствените работници и соработници, општините и фондот за здравствено осигурување во заштитата на правата на пациентите; постапката за заштита на правата на пациентите, како и надзорот над спроведувањето на законот.
Во насока на зголемување на степенот на разбирање на овој концепт и особено користењето на законски предвидените можности за заштита на правото на здравствена заштита и заштита на права на пациенти во изминатите неколку години преземаме активности насочени кон правниците, здравствените работници и соработници, граѓанските организации и пациенти. Ги следиме измените и дополнувањата на позитивните прописи со што овозможуваме континуирано и навремено запознавање на практичарите со новините по однос на оваа проблематика. Формиравме група на практичари (правници) и претставници на граѓански организации кои работат на обезбедување на помош и поддршка на ранливи категории на лица која заедно со експерти од областа на здравствената заштита, здравственото осигурување и казненото право дискутираат за начинот на постапување во случаи на заштита на правото на здравје. Го зголемивме степенот на запознаеност на практичарите од областа на здравствената заштита за најновите измени во законската регулатива преку одржување на обуки и работилници. Наедно, ја запознавме општата јавност и посебно ранливите категории на лица со правата на пациенти и можностите за нивна заштита преку подготовка на три едукативни материјали. Создадовме посебна веб страна **www.healthrights.mk** наменета за практичари, пошироката професионална и општа јавност-пациентите. Подготвивме анализа за утврдување на степенот на имплементација на Законот за заштита на права на пациенти преку утврдување на видот и бројот на оформени механизми за заштита на правата на пациентите, како и приказ на нивната работа во доменот на заштита и унапредување на правата на пациентите во периодот од 2008 година до јули 2012 година.

Во рамките на оваа програмска компонента, во текот на 2012 година поединечно беа спроведени следните активности:

### ПРИРАЧНИК ЗА ПРАКТИЧАРИ – ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Во насока на унапредување на здравјето и здравствената заштита на граѓаните во Р. Македонија, ЕСЕ во изминатите години подготви Прирачник за практичари под наслов **Човековите права во здравствената заштита,** чија основна цел е презентирање на меѓународните и домашните прописи и стандарди за регулирање на правото на здравје и правото за здравствена заштита на граѓаните. Овој прирачник во изминатите години на правниците, адвокатите,

судиите, здравствените работници и соработници, раководителите на здравствените установи, претставниците на граѓанските организации кои се занимаваат со заштита на правото на здравје и човековите права, воопшто, академската и останатата професионална јавност, им овозможи да имаат постојан увид во моменталните прописи кои важат во домашното и меѓународното право, а кои треба да овозможат остварување на правото на здравствена заштита на населението.

Па оттука, имајќи предвид дека Прирачникот на практичари е изработен во согласност со позитивните прописи до 31 март, 2010 година, во текот на оваа програмска година ЕСЕ подготви матрица во која се интегрираа измените и дополнувањата на позитивните прописи користени и цитирани во прирачникот. Во насока на ажурирање на содржината на Прирачникот беа мониторирани вкупно 42 домашни прописи, користени при неговата подготовка. Содржината на Прирачникот претрпе најголеми промени во деловите каде е цитиран и користен Законот за здравствена заштита, бидејќи овој закон беше ставен вон сила со донесувањето на новиот Закон за здравствена заштита на 28 март 2012 година. По извршениот мониторинг, ЕСЕ утврди потреба од менување на Прирачникот со цел обновување на неговата содржина со најновите прописи донесени во областа на човековите права во здравствената заштита.

**ОБУКА ЗА ПРАКТИЧАРИ**

Во насока на поголема инволвираност на практичари и проширување на мрежата на заинтересирани во однос на оваа проблематика, беа организирани две работни средби. На првата работна средба која беше одржана на тема „Човековите права во здравствената заштита" присуствуваа вкупно 14 учесници, од кои 11 адвокати и 3 претставници на граѓански организации од РМакедонија кои работат на полето на унапредување на здравјето и здравствената заштита на одредени ранливи групи. Втората работна средба беше одржана на тема „Човекови права во здравствена заштита – follow up" и на оваа средба учество земаа 14 учесници, од кои осум адвокати и по шест претставници на граѓански организации од РМакедонија кои работат на полето на унапредување на здравјето и здравствената заштита на одредени ранливи групи. Двете работни средби имаа за цел добивање на повратен одговор од страна на практичарите по однос на содржината на прирачникот, запознавање на учесниците со веб страната наменета за практичари и дискусија по однос на конкретни случаи од пракса преку кои беа разменети искуства по однос на начинот на постапување и заштита на правата од областа на здравствена заштита, здравствено осигурување и заштита на права на пациентите, односно унапредување на познавањата по однос на прашањата од оваа област. Како резултат на покажаниот интерес од страна на групата на практичари, ЕСЕ организираше дополнителна работилница на тема „Закон за здравствена заштита" на која учество земаа осум учесници, од кои пет адвокати и по три претставници од граѓански организации од РМакедонија кои работат на полето на унапредување на здравјето и здравствената заштита на одредени ранливи групи. На оваа работна средба учесниците подетално се запозна со измените во системот за здравствена заштита кои беа воведени со усвојување на новиот Закон за здравствена заштита.

**ВЕБ СТРАНА НАМЕНЕТА ЗА ПРАКТИЧАРИ И ОПШТА ЈАВНОСТ**

Покрај Прирачникот за практичари како резултат на напорите за популаризирање на заштитата на правото на здравје, подготвена е посебна тематска страна www.healthrights.mk. Оваа веб страна служи како извор на информации поврзани со оваа проблематика и исто како и Прирачникот, наменета е за пошироката професионална и општа јавност - пациентите. Во текот на 2012 година, на веб страната беа објавени најрелевантните меѓународни и регионални документи кои го гарантираат и заштитуваат спроведувањето на правото на здравје, домашното законодавство од областа на здравството и механизмите за заштита на човековите права во здравствената заштита во нашата земја, најважните публикации кои се однесуваат на различни здравствени прашања и пристап до здравствена заштита, како и контактите на институциите кои работат на полето на обезбедување на здравствена заштита, здравствено осигурување и правна заштита во нашата земја. Дополнително, на веб страната во посебни категории беа разработени правата и обврските на здравствените работници во обезбедувањето на здравствената заштита и правата и обврските на пациентите во остварување на здравствената заштита и здравственото осигурување.

Во текот на целата 2012 година, ЕСЕ континуирано ги следеше сите прописи од областа на човековите права во здравствената заштита и сите измени и новини кои беа донесени во овој период беа објавени на нашата веб страна. Исто така, секојдневно беа објавувани најновите вести околу здравствени прашања од земјата и странство.

За илустрација на горенаведеното, во текот на 2012 година на веб страната беа објавени: 37 меѓународни и 25 регионални документи од областа на човековите права во здравствената заштита, 42 домашни прописи од областа на здравствените права и механизмите за нивна заштита, 16 превентивни и куративни програми на Министерството за здравство, 72 публикации од различни области од здравството и 782 вести од земјата и странство.

Во 2012 година, вкупно 3672 посетители пристапиле кон веб страната healthrights.mk, а бројот на посети во овој период изнесува 6202.

**ПОДГОТОВКА НА ИНФОРМАТИВНИ МАТЕРИЈАЛИ НАМЕНЕТИ ЗА ОПШТА ПОПУЛАЦИЈА**

Поаѓајќи од фактот дека општата популација, а особено маргинализираните заедници не се доволно информирани за нивните здравствени права, ЕСЕ, во соработка со организациите КХАМ – Делчево и Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници подготви две брошури за заштита на правата на пациентите, од кои првата со фокус на припадниците на Ромската заедница, а втората со фокус на корисниците на дроги. Исто така, беше подготвена и општа брошура за заштита на правата на пациентите. Оваа брошура беше испечатена во тираж од 5000 примероци, додека двете брошури со фокус на ранливи групи беа испечатени во тираж од 3000 примероци.

ЕСЕ подготви и спроведе план за дистрибуција на трите брошури. Имено, по 100 примероци од брошурите беа дистрибуирани до следните организации: Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, ХОПС, Х.Е.Р.А., ЦДРИМ, Ромски Ресурсен Центар, ЛИЛ, Здружение ДОВЕРБА, РЦПЛИП ПОРАКА, Македонско здружение на млади правници и КХАМ. По 100

примероци од сите брошури беа дистрибуирани и до Ромскиот Информативен Центар во рамки на Општината во Шуто Оризари.
Со цел информирање на надлежните органи за спроведување на законите од областа на здравството во врска со активностите кои се спроведуваат во рамки на проектот „Човекови права во здравствена заштита", ЕСЕ испрати информативно писмо со по пет примероци од секоја од брошурите и по еден примерок од Прирачникот за практичари до: Министерот за здравство, двајцата директори на Фонд за здравствено осигурување на Република Македонија и претседателот на Комисијата за унапредување на правата на пациентите на градот Скопје. Исто така, дистрибуиравме по 50 општи брошури до 30 центри за јавно здравје и нивни подрачни единици и до Институтот за јавно здравје на Република Македонија.
По еден примерок од Прирачникот за практичари и по пет примероци од трите брошури за заштита на правата на пациентите беа дистрибуирани до повеќе високообразовни институции во рамки на градот Скопје, односно до Правните факултети на следните универзитети: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Универзитет МИТ, Универзитет на Југоисточна Европа, Универзитет ФОН, Универзитет American College и Европски Универзитет.

## ПОДГОТОВКА НА АНАЛИЗА ВО ОДНОС НА СТЕПЕНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ

Во текот на 2012 година, ЕСЕ подготви анализа на тема „Спроведување на Законот за заштита на правата на пациентите со фокус на механизмите за заштита на права на пациенти". Анализата беше подготвена со цел утврдување на степенот на имплементација на Законот за заштита на правата на пациентите преку утврдување на видот и бројот на оформени механизми за заштита на правата на пациентите, како и приказ на резултатите од нивното досегашно работење во доменот на заштитата и унапредувањето на правата на пациентите во периодот од 2008 до јули, 2012 година.
Анализата за спроведување на Законот за заштита на правата на пациентите се заснова на податоци прибрани преку барања за пристап до информации од јавен карактер. Вкупно 1.111 барања (прашања) беа испратени до сите болнички и неболнички јавни здравствени установи во Република Македонија, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Министерство за здравство, Фонд за здравствено осигурување, Комисија за унапредување на правата на пациентите на град Скопје и Институтот за медицина на труд на РМ. Освен преку барања за пристап до информации од јавен карактер, беа спроведени и интервјуа со претставници од надлежни институции за спроведување на Законот за заштита на правата на пациентите, поточно со: советниците за заштита на правата на пациентите во Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија и Универзитетската клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски" во Скопје, раководител на Секторот за инспекциски надзор при Државниот санитарен и здравствен инспекторат, претседателот на Комисијата за унапредување на правата на пациентите на град Скопје и раководителот на Канцеларијата за стручна помош на осигурени пациенти при остварување и заштита на правата од здравствено осигурување при Подрачната единица на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија во Скопје.

Наодите од истражувањето се презентирани поодделно за секој законски предвиден механизам за заштита на права на пациенти и тоа преку статистички приказ на податоците добиени од страна на наведените лица и институции, издвојување на клучните изјави на интервјуираните претставници на надлежните органи, по што следи нивно коментирање и формулирање на препораки за унапредување на состојбите.
Анализата, односно наодите од анализата претставуваат обид за будење на интерес кај надлежните органи одговорни за спроведување на Законот за заштита на права на пациенти за состојбите по однос на предметот на оваа анализа преку идентификување на недостатоците и презентирање на предлог - решенија со цел унапредување на состојбите во однос на спроведување на правата на пациенти.

**АНГАЖИРАЊЕ НА СОРАБОТНИК**

Со цел проширување на кругот на професионалци кои работат на прашањето на спроведување и заштита на правото на здравје, во текот на 2012 година беше ангажиран соработник задолжен за спроведување на активностите во рамки на оваа програма. Во насока на градење на капацитетите на полето на човекови права во здравствена заштита, соработникот присуствуваше на обука за практиканти на тема „Човекови права во здравствена заштита".

***Позначајни постигнувања од спроведување на активностите од компонентата на човекови права во здравствена заштита:***

- ажурирана содржина на прирачникот преку разгледување на на 42 домашни прописи од областа на здравството;
- дистрибуиран Прирачникот за практичари до шест високообразовни институции, кабинетот на Министерот за здравство, двајцата директор на ФЗОМ и претседателот на Комисијата за унапредување на правата на пациентите на градот Скопје;
- обучени вкупно 11 адвокати и шест претставници од граѓански организации од РМакедонија кои работата на полето на унапредување на здравјето на ранливите групи на луѓе, во областа на човековите права во здравствената заштита и законската регулатива од областа на здравствена заштита во РМакедонија;
- објавени, 37 меѓународни и 25 регионални документи од областа на човековите права во здравствената заштита, 42 домашни прописи од областа на здравствените права и механизмите за нивна заштита, 16 превентивни и куративни програми на Министерството за здравство, 72 публикации кои покриваат различни области од здравството и 782 вести од земјата и странство, на официјалната интернет страна healthrights.mk;
- подготвена и испечатена брошура за заштита на правата на пациентите на припадниците на Ромската заедница и брошура за за заштита на правата на пациентите корисници на дроги, во 3.000 примероци;
- подготвена и испечатена општа брошура за заштита на правата на пациентите во 5.000 примероци;
- подготвена анализа во однос на степенот на спроведување на Законот за заштита на правата на пациентите.

## V. **КОМПОНЕНТА:** ПОДГОТОВКА НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРЕСОТ ПО ОДНОС НА ЗАКЛУЧНИТЕ КОМЕНТАРИ НА КОМИТЕТОТ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ НА СИТЕ ФОРМИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ЖЕНИТЕ

Еден од моќните контролни механизми за следење на имплементацијата на женските човекови права е подготовката на Извештај во сенка кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жената. Имено, ЕСЕ во 2006 година го подготви и го презентираше првиот Извештај во сенка кон оваа конвенција пред Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација на ОН. Следствено на процесот на известување овој Комитетот упати заклучни препораки до нашата држава. Значајно е да се напомене дека препораките содржани во Извештајот во сенка, беа основа за повеќето од заклучните препораки на Комитетот, со што се потврди значењето на процесот на подготовка на Извештајот во сенка, неговото влијание во застапувањето на правата на жените и забрзувањето на родовата еднаквост.

По однос на изразените сфери на загриженост содржани во Заклучните коментари, Комитетот бара РМ да даде свој одговор за презмените активности во следниот периодичен извештај. Имено, согласно на распоредот за известување/одржување на сесии на Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените, извештајот на РМакедонија беше ставен на распоред за известување во февруари 2013 година.

Оттука, имајќи ја предвид потребата од следење на донесените Заклучни препораки, односно прогресот на државата на полето на родова еднаквост и дискриминација на жените, Здружение ЕСЕ во 2012 година започна со подготовка на вториот извештај во сенка.

### Подготовка на Втор извештај во сенка кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на насилство врз жените

Основа за подготовка на финалниот извештај беа податоците кои ЕСЕ ги обезбеди преку спроведување на националното истражување за дискриминација врз жените во текот на 2010 година. Ова истражување имаше за задача утврдување на видовите и обемот на дискриминација врз жените во различни општествени сфери и посебно состојбата на одредени ранливи категории на жени. Овие податоци беа надополнети со неколку дополнителни извори на информации и тоа: дополнителни извори на информации, односно извештаи, студии, истражувања и др.; информации прибрани од страна на релевантни граѓански организации; подготвени и пратени барања за информации од јавен карактер.

По спроведувањето на фактичката анализа и првично обезбедените дополнителни извори на информации, Здружение ЕСЕ во соработка со Акција Здруженска го започна процесот на финализирање на извештајот во сенка.

Предмет на финализирање беа наводите во однос на членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените. Односно тоа се полињата од интерес кои се однесуваат на дефинираност на појавата на дискриминација врз жените, националните и локалните политики, националната машинерија, застапеноста на патријахалните односи во бракот и смејството, изложеност на жената на сите видови на насилство врз жените, учеството на жените во политичкиот и јавниот живот и состојбата по однос на

стекнување и менување на државјанство (вклучувајќи го статусот на жените барателки на азил). Предмет на разгледување беа фактичката сотојба и правната усогласеност на законските и подзаконските акти во однос на одредебите на конвенцијата за периодот од 2006 година до сега.
По финализирањето на наодите во однос на членовите од 1 до 9 од конвенцијата, во периодот на известување следеше процес на финализирање на наодите во однос на останатите членови од конвенцијата и тоа членовите од 10 до 14. Овие членови се однесуваат на дискриминација на жената во следниве области: образование, вработување и работни односи, здравствена заштита, стопански и општествен живот, положбата на жената во руралните средини, правна способност, и брак и семејни односи.
Со цел добивање на посеопфатни сознанија при финализирање на наодите во однос на член 14 - Положбата на жената во руралните средини, во соработка со организацијата Алка се реализираше поширока работна средба во месец мај. На средбата присуствуваа организации кои работат поспецифично на ова поле.
Покрај консултирање на секундарни извори ЕСЕ и Акција Здруженска подготвија барања до релевантни граѓански организации во однос на обезбедување на потребни информации за состојбата на жената, и тоа: Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници во однос на состојбата на сексуалните работнички, Здружение на млади правници во однос на состојбата на жените барателки на азил и ГО Отворена порта во однос на состојбата по однос на трговијата со жени и девојки.
Дополнително беа подготвени осум видови на барања за информации од јавен карактер, односно вкупно беа подготвени и доставени 34 поединечни барања за информации. Барањата беа поднесени до Министерството за труд и социјална политика (две барања), Народниот правобранител, Советот за радиодифузија, Академијата на судии и јавни обвинители, Уставен суд, Комисијата за заштита и спречување на дискриминација и сите основни судови во РМ (27 основни судови). Податоците добиени како одговор на поднесените барања беа инкорпорирани во извештајот во сенка.Покрај извештајот во сенка, беше подготвена и писмена изјава со приоритетните области на загриженост и препораки за унапредување на состојбите.

За потребите на подготовка на извештајот во сенка беше спроведена и правна анализа за усогласеноста на нашето законодавствео со одредбите од конвеницијата. Имено, претставници на ЕСЕ и Акција Здруженска финализирајќи ги наодите од извештајот спроведоа мапирање и анализирање на измените и дополнувањата на законската регулатива по однос на прашањата од интерес во насока на утврување на правната усогласноста на домашните правни акти во однос на одредебите на конвенцијата.

### Учество и презентирање на клучни согледување во однос на напредокот на државата во однос на препораките на Комитетот надлежен за следење на имплементација на Конвенцијата на претсесијата на 54 сесија на Комитетот (30 јули – 03 август, 2012, Њујорк)

Подготвените наоди од извештајот во сенка (http://www2.ohchr.org/english/bodies/cedaw/docs/ngos/ESEM_for_PSWG_en.pdf) и изјавата беа презентирани на претсесијата на Комитетот за елиминирање на сите

форми на дискриминација врз жените на ООН. Имено, претставници на ЕСЕ и Акција Здруженска ги презентираа методолошкиот пристап за подготовка на Извештајот во сенка, односно изворите на податоци кои беа користени во подготовка на правната и фактичката состојба, вклучувајќи го придонесот на останатите граѓански организации кои обезбедија информации по однос на одредени прашања од интерес. Изјавата ги содржеше клучните наоди и области на загриженост по однос на правната и фактичката усогласеност со одредбите во конвенцијата, при што како појдовна точка на проценката/освртот беа користени препораките и заклучните согледувања на Комитетот од последниот циклус на известување на РМ во 2006 година. Претсесијата на 54 сесија на Комитетот се одржа во периодот од 30 јули до 3 август, 2012. На оваа претсесија Комитетот, односно работната група за претсесијата е должна да ги разгледа наодите на државниот извештај и наодите на граѓанските и меѓународни организации при што беше подготвена листа на прашања (http://www2.ohchr.org/english/bodies/cedaw/docs/54/docs/CEDAW-C-MKD-Q-4-5.pdf) кои беа упатени на нашата држава при што истата има обврска по однос на овие прашања да одговори до официјалната 54 сесија (февруари 2013).
Изјавата, односно усното обраќање на членовите на Комитетот на претсесијата се фокусираше на **правната усогласеност, односно законската усогласеност и спроведувањето на законите** при што беше истакнато дека по однос на ова прашање има незначителни промени, односно дека продолжува трендот на продукција на закони и национални и локални стратешки документи и планови кои се користат како оправдување за посветеноста на државата на ова поле. Беше потенцирано дека и покрај тоа, истите не резултираат со постигнување на напредок во однос на суштинска еднаквост на мажите и жените, поради нивното неспроведување и оттаму, расчекорот помеѓу декларативните заложби во усвоената легислатива и политики и остварените претпоставки за нивна практична примена во изминатиот период е продлабочен.
**Неповолната состојба по однос на фактичката положба на жените** беше илустрирана преку краток осврт на состојбите во неколку сфери од општественото живеење и преку состојбата на одредени ранливи категории на жени. Имено, беа презентирани состојбите по однос на четири тематски прашања, и тоа: традицијата и семејното воспитување, насилството врз жените, здравствена заштита на жените, положбата на руралните жени и жените Ромки.
По презентираните наоди на претсесијата, членовите на Комитетот побараа дополнителни информации кои Здружение ЕСЕ и Акција Здруженска би требало да ги обезбедат со цел дополнување на нацрт извештајот во сенка. Имено прашањата за кои членовите на Комитетот побараа дополнителни информации се однесуваа на следниве аспекти и тоа во однос на членовите 1-5 од конвенцијата беше побарано да се добијат информации за: дефинираноста на дискриминацијата во соодветните закони, поврзаност на Законот за спречување и заштита од дискриминација со Законот за еднакви можности; мандатот на механизмите за заштита од дискриминација според Законот за спречување и заштита од дискриминација и механизмот предвиден во Законот за еднакви можности; осврт врз Стратегијата за родово буџетирање и новата Стратегија за еднакви можности, како и останати стратешки документи; механизам за координирање на спроведување на новиот Закон за еднакви можности; дали е направена проценка на спроведување на стариот закон, надлежноста на Комисијата за заштита од дискриминација; посебните привремени мерки и

нивната предвиденост во новиот Закон за еднакви можности; дали е направена проценка на досега воведените привремени мерки за постигнување на родова еднаквост; како се предвидени привремените мерки во Законот за спречување и заштита на дискриминација; интегрирање на одговорот на Советот за радиодифузија во однос на традицијата и семејното воспитување.
Во однос пак на останатите членови од Конвенцијата (6-14) кои обработуваат специфични области на дискриминација беа побарани подетални податоци во однос на: сексуални и репродуктивни права на Ромите; состојбата на жените/девојките кои користат дроги и сексуалните работнички и жени/девојки кои живеат со ХИВ; состојбата и трендови во однос на трговијата со жени; статистиката за бројот на жртви на семејно насилство кои се убиени од страна на нивните сопрузи/партнери; дали силувањето како вид на насилство врз жените е соодветно третирано во РМ; дали е утврдена застапеноста на сексуалното вознемирување и каков е третманот на овој вид на насилство врз жените во РМ.
Последователно на добиените препораки за дополнување на Извештајот во сенка, здружение ЕСЕ и Акција Здруженска го дополнија извештајот при што ваквите дополнувања беа интегрирани во текстот на извештајот во сенка. Дел од бараните информации беа обезбедени преку доставување на барања за информации од јавен карактер, а пак за дел беа консултирани здруженија на граѓани кои работат специфично на одредени прашања. По интегрирањето на дополненијата во финалниот Извештај во сенка, а врз основа на развиени понови упатства на секретаријатот на Комитетот при Високиот Комесаријат за човекови права, ЕСЕ и Акција Здруженска подготвија сублимиран извештај од 10 страни.

**ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ ЗА УЧЕСТВО НА 54-СЕСИЈА НА КОМИТЕТОТ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ НА СИТЕ ФОРМИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ЖЕНИТЕ**

Во последниот квартал од 2012 година ЕСЕ ги презеде потребните активности со цел навремена подготовка за обезбедување на присуство и учество на наведената сесија на Комитетот. Имено, во овој период се реализираа следниве активности: регистрирање на присуство и учество на двајца членови на здружението ЕСЕ на сесијата на Комитетот, координирање на понатамошните чекори преку поддршка од организацијата IWRAW Asia Pacific како во однос на севкупната логистика за присуство и учество на 54-тата сесија, но исто така и во однос на учеството на ЕСЕ на обуката која тие ја организираат (Global to Local Programme) за време на севкупното траење на сесијата на Комитетот. Воедно, во овој период се работеше и на подготовка на оралната изјава, која треба да биде презентирана пред членовите на Комитетот на ткн. неформална средба со здруженијата на граѓани од државите кои известуваат на 54-та сесија.

***Позначајни постигнувања од подготовката на извештајот за прогресот по однос на заклучните коментари на комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените:***

• утврдени наоди за состојбата во однос на прогресот на спроведување на заклучните коментари на Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените;

- утврдена правната усогласеност на постојното законодавство со одредбите на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените;
- подготвен финален Извештај во сенка и изјава кон Конвенцијата на македонски и англиски јазик;
- презентирани клучните наоди од Извештајот во сенка на претсесијата на 54 сесија на Комитетот надлежен за следење на имплементацијата на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жената;
- подготвен сублимиран извештај во сенка (10 страни);
- зголемен степен на соработка и разбирање за местото и улогата на граѓанските организации во следење на степенот на спроведување на заклучните препораките и нивното влијание врз политиката за родова еднаквост на национално ниво .

## **VI. ПРОГРАМСКА КОМПОНЕНТА:** АКТИВНОСТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО НАСОКА НА РАЗВИВАЊЕ НА ФИЛАНТРОПИЈА

Долгогодишното искуство на ЕСЕ во делот на комуникација и развивање на соработка со компании во насока на заедничко унапредување на состојбите во општеството покажува дека посветеност кон своите соработници и нудење на можност за нивно директно вклучување во планирање, организација и реализација на одредени настани и проекти донесува позитивни резултати. Како позначајни активности кои би сакале да ги истакнеме, а кои беа реализирани во текот на 2012 година се:

### **ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 10 ГОДИШНИНАТА ОД ПОСТОЕЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА ПРАВНА ПОМОШ**

Во јуни 2012 година, ЕСЕ ја одбележа 10 годишнината од постоењето на Центарот за правна помош. Овој настан беше одбележан во рамки на одржаното годишно генерално собрание на ЕСЕ.  За одбележување на јубилејот од постоењето на Центарот за правна помош, спроведовме низа активност, како: презентирање на резултатите кои ЕСЕ ги постигна преку работењето на Центарот за правна помош во текот на изминатите 10 години; презентирање на идните планови за работа и очекувани резултати; доделување на пофалници и изразување на благодарност на сите оние соработници кои со своето работење во Центарот за правна помош овозможија помош и поддршка на жртвите на семејно насилство и коктел свеченост. На овој настан, присуствуваа пријатели на ЕСЕ; минати и сегашни соработници во Центарот за правна помош (ЦПП); членови на генералното собрани и извршниот одбор на ЕСЕ, претставници на државни институции и претставници на донаторите. Во рамки на оваа активност, меѓу другото, беше подготвен и испечатен промотивен материјал. Работењето и постигнатите резултати на ЦПП беа промовирани од страна на претставник на ЕСЕ во емисијата ПОРТИК на Алфа телевизија. Имено за период од 10 години Центарот за правна помош ги постигна следниве резултати: правна и психо-социјална помош и поддршка  за 2859 корисници; подготвени 1282 поднесоци; 106 кривични пријави; бесплатно судско застапување за 173 жртви на семејно насилство и 4418 одржани средби со стручен тим од ЦПП. Воедно беше потенцирана и важноста од постоењето и понатамошната одржливост на овој сервис за жртви на семејно насилство.

Воедно, во овој период ЕСЕ презеде активности не само во насока на афирмирање на резултатите од десетгодишното работење на Центарот за правна помош за жртви на семејно насилство, туку и активности кои имаат за цел добивање на финансиска поддршка за негова понатамошна работа и обезбедување на услуги во делот на правна помош и бесплатно судско застапување за жртви на семејно насилство.

За оваа цел беа реализирани неколку средби со потенцијални донатори и организации, и тоа International *Women Association* и Ротари клубови.

Во периодот на известување,  ЕСЕ присуствуваше на годишна средба на *International Women Association,* при што беше презентирано работењето на организацијата, работењето на Центарот за правна помош, можностите за понатамошна соработка и финансиска поддршка. Воедно се реализираше и средба со *Ротари клуб*, Скопје каде исто така се презентираа досегашните резултати и потребата за одредена финансиска поддршка. Со оглед на фактот

дека станува збор за организација на која еден од приматите и е заштита на децата, беше побарана поддршка за децата на жртвите на семејно насилство. На средбата се договори непосредно пред преземањето на конкретните активности да се оствари уште една средба.
Во текот на 2012 година, во соработка со Тринити Продукција/ КОД беше реализирана емисија за семејно насилство. Во емисијата свои изјави дадоа претставници на државни институции кои работат на полето на семејно насилство, како и здруженија на граѓани кои обезбедуваат директни услуги за жртвите на семејно насилство. Претставник од ЕСЕ даде изјава во однос на видот на услугите кои се обезбедуваат за жртвите на семејно насилство во рамки на Центарот за правна помош, како и потребата од негова финансиска одржливост. Во рамки на изјавата се потенцираше значењето на овој сервис како дел од неформалниот систем за заштита од семејно насилство. Емисијата посветена на семејно насилство е дел од поширок проект насловен како „Запознај ме" и опфаќа различни аспекти на повреди на права и насилство кај ранливи категории на население. Емисијата се емитуваше во два наврати на Канал 5 и на телевизија Алсат.

**Новогодишна забава**

Во текот на месец октомври и ноември 2012 година беа доставени вкупно 38 барања до 38 компании и организации од РМакедонија, од кои се бараше донација на дел од својот асортиман, а кој ќе се искористи за подготовка на новогодишни пакетчиња за децата на жртвите на семејно насилство. Барањата беа доставувани по пат на електронска пошта на официјалните е – маил адреси на потенцијалните донатори и преку fax.Од 38 поднесени барања 8 компании и организации помогнаа и се вклучија во реализацијата на Новогодишната забава.
На новогодишната забава беа поканети вкупно 90 деца на клиенти регистрирани во Центарот за правна помош и Психолошкото советувалиште на ЕСЕ, а од нив на забавата присуствуваа вкупно 60 деца, нивните родители, претставници на донаторите и персоналот на Здружението ЕСЕ.
Како поддржувачи на Новогодишната забава се вклучија: Клевер МК, ЗОО градина Скопје, Ротари Клуб Скопје, International women association, Макпрогрес Виница, Кожувчанка, Office Plus и Балон Арт. Новогодишната забава е дел од Програмата за работа на ЕСЕ за 2012 година, имплементирана од Центарот за институционален развој – ЦИРа и финансиски поддржана од Швајцарската Агенција за развој и соработка – SDC.

**Промоција на работењето на ЕСЕ преку медиумско претставување и директни средби со потенцијални донатори**

Во текот на 2012 година, врз основа на годишната стратегија за промоција на работењето на ЕСЕ, претставници на ЕСЕ присуствуваа на повеќе телевизиски емисии, како: Портик на Алфа ТВ; Утринска емисија на МТВ; Утринска емисија на Студент ФМ итн.
ЕСЕ во текот на 2012 година, реализираше вкупно осум директни средби со компании и организации од Р. Македонија и достави барање за соработка до повеќе од 50 компании од РМакедонија.

***Позначајни постигнувања од спроведувањето на активностите од компонентата за развивање на филантропија:***

- одбележана 10 годишнината од постоењето на Центарот за правна помош на ЕСЕ;
- подготвен и испечатен материјал за промоција на резултатите од работењето на Центарот за правна помош и промовирано работењето на ЕСЕ;
- организирана и спроведена Новогодишна забава;
- опфатени 120 лица со активностите спроведени во рамки на Новогодишната забава;
- остварена директна соработка со вкупно 8 компании, од кои 5 се нови соработници и 3 се постојани соработници.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ
# ЗА ПЕРИОДОТ
# ЈАНУАРИ 2012 – ДЕКЕМВРИ 2012

# Приходи за 2012

| Приходи по основи | Износ во МКД |
|---|---|
| 1. Пренесени средства од претходна година | 7.547.167 |
| 2. Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 10.259.053 |
| 3. Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 38.466 |
| 4. Други приходи | 31.500 |
| Вкупен приход | 17.876.186 |
| Остаток за наредна програмска година (2013) | 4.085.308 |

| **Приходи по основи и донатори** | **износ во МКД** |
|---|---|
| **Приходи од грантови и договори за соработка** | |
| **ЦИРа** (CIVICA Mobilitas) | 1.845.682 |
| **ФООМ** (Фондација отворено општество Македонија) | 7.944.476 |
| **CNV** (Национална федерација на синдикати – Холандија) | 435.470 |
| **Отворена Порта- Ла Страда** | 2.325 |
| **Приходи од членарини** | 7.000 |
| **Приходи од донации од правни и физички лица** | 24.100 |
| **Вкупно** | **10.259.053** |

## Преглед на реализирани трошоци за 2012

| Основ | износ во МКД |
|---|---|
| Програмски трошоци и оперативни трошоци | 9.208.857 |
| Плати | 4.559.368 |
| Капитални расходи | 22.653 |
| **Вкупно** | **13.790.878** |